Бирото за развој на образованието во рамки на своите надлежности и планираните активности во Програмата за заштита на потрошувачите за 2026 година, изработена согласно член 170 и член 171 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 236/22, 3/25 и 49/25) по повод **15 март** Светскиот ден на правата на потрошувачите и под мотото за 2026 година „**Безбедни производи, сигурни потрошувачи**“ објавува

# ЛИКОВЕН КОНКУРС
## за децата од детските градинки и за учениците од основните и средните училишта

Цел на ликовниот конкурс е децата и учениците на креативен начин да го изразат своето критичко размислување по однос на тоа дека кога производите се навистина безбедни и сигурни, луѓето се чувствуваат безбедно и сигурно во врска со нивното купување и користење, што доведува до зголемена доверба и лојалност, додека небезбедните производи предизвикуваат повреди, страв и економска штета. Затоа е потребно да се нагласи потребата од силни регулативи, транспарентност и етички практики за градење на довербата на потрошувачите. Односно, отворено споделување на информации (јасно наведени состојки, потекло, рок на траење и сл.); докажување на безбедносните тврдења преку сертификати (стандарди за безбедност на производот, ознаки за возраста на корисникот кој може да го користи производот или услугата и сл.), упатства за безбедно ракување и јасна комуникација за поттикнување на довербата на потрошувачите.

Ликовниот конкурс се организира во 4 (четири) категории:

1. Тема: БЕЗБЕДНИ ИГРАЧКИ – ЈАС СУМ СРЕЌНО ДЕТЕ

Право на учество имаат сите деца корисници на услугите на јавна установа детска градинка, на возраст од **4-6 години.**

2. Тема: МОЈАТА УЧИЛНИЦА – БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ

Право на учество имаат сите ученици во основното образование (одделенска настава) – **од I (прво) до V (петто) одделение**.

3. Тема: СЕ ИНФОРМИРАМ – ЗАШТЕДУВАМ

Право на учество имаат сите ученици во основното образование (предметна настава) – **од VI (шесто) до IX (деветто) одделение**.

4. Тема: НАВИСТИНА ЛИ Е „ЗЕЛЕНО“? – ЗЕЛЕНО ПЕРЕЊЕ (GREENWASHING)

Право на учество имаат сите ученици во средното образование – **од I (прва) до IV (четврта) година**.

НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

- Ликовната творба треба да е самостојно и оригинално дело на детето/ученикот.
- Едно дете/ученик може да испрати **само една** индивидуална ликовна творба.
- Ликовната творба треба да биде изработена во дведимензионален формат и во ликовни техники и нивни комбинации соодветни на возраста на децата/учениците (техниката фломастер нема да се земе предвид).
- Творбата треба да биде потпишана само на задната страна.
- Секоја творба треба да биде скенирана во еден од форматите JPG, TIFF (**PDF формати и фотографии на творбите нема да се земат во предвид**).
- Фајлот со ликовната творба треба да биде нумериран.
- Податоците за ликовните творби да се внесат во табела (заради преземање на точни податоци електронски пополнета и испратена во Word: име на авторот/детето/ученикот; возраст/одделение/година; наслов на творбата; користена техника; име на воспитувачот/наставникот ментор; контакт на воспитувачот/наставникот ментор).
- Фајловите со ликовни творби да се ставaт во фолдер со назив на установата која што го испраќа.
- Фолдерот, претходно зипуван, по пат на електронска пошта (поради големината на содржината по WETRANSFER, SENDSPACE и сл.) вашата установа треба да го испрати на имејл адресата info@bro.gov.mk, со назнака: **За ликовен конкурс**.
- Максималниот број на ликовни творби е **3 (три)** од секоја установа.
- Рокот за доставување на ликовните творби е до **20 февруари (петок)**.
- Нема да се замат во предвид ликовните творби коишто не ги исполнуваат и следат горенаведените пропозиции, како и доставените по наведениот краен рок.

Наградените учесници на ликовниот конкурс (**прво, второ и трето место**) од секоја категорија одделно ќе бидат објавени на веб-страницата на Бирото за развој на образованието на **13 март 2026 година**.

За прашања поврзани со конкурсот контактирајте го лицето м-р Валентина Гоцевска на имејл адресата valentinagocevska@bro.gov.mk .

Ве очекуваме!
**Биро за развој на образованието**